ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 754/24
03. 12. 2024 год. / v
СКОПЈЕ / SHKUP

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, одржана на 03.12.2024 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите ( „Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и став 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за утврдување на начелен став или начелно правно мислење, поднесена од ВД Претседателот на Основниот суд Велес, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

Иницијативата за утврдување на начелен став или начелно правно мислење поднесена од ВД Претседателот на Основниот суд Велес, заведена под Су03.бр.754/24 од 15.11.2024 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите ( „Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 03.12.2024 година, расправаше по иницијативата за утврдување начелен став или правно мислење поднесена од ВД Претседателот на Основен суд Велес, заведена под Су-03.бр.754/24 од 15.11.2024 година.

Подносителот во иницијативата насловена како „Известување и барање насоки за понатамошно постапување“ информира за настанат проблем во предметот МАЛВПЛ1-П.бр.36/24 (стар број МАЛВПЛ-П.бр.19/21) на Основниот суд Велес, а по примено известување и констатацијата на судечкиот судија дека не може да постапува од причина што немало донесена пресуда во стариот предмет МАЛВПЛ-П.бр.19/21. Имено, ВД претседателот на Основен суд Велес истакнува дека од увидот во списите на предметот МАЛВПЛ-П.бр.33/24 било констатирано дека станувало збор за предмет во кој по донесување на одлуката, судијата кој постапувал по предметот е разрешен од судиската функција, а одлуката во предметот била писмено изработена и потпишана од судијата, но со увид во писмената одлука во предметот било констатирано дека не се однесува на предметниот спор, односно за долг, туку за работен спор помеѓу други странки.

Во продолжение на иницијативата се наведува дека со Одлука СУ.бр.228/14-1 од 25.10.2024 година била формирана Комисија која била овластена да изврши увид во списите на наведениот предмет и ја утврдила фактичката состојба за преземените дејствија во предметот, имајќи ги во вид наводите во известувањето на судечкиот судија, за што бил составен и Записник од 08.11.2024 година, доставен на 12.11.2024 година, во кој било констатирано дека се работи за активен предмет по кој постапува судија, а во однос на даденото овластување на Комисијата, дека не се исполнети условите во смисла на член 21 став 3 од Судскиот деловник.

Притоа, со оглед на настаната состојба ВД претседателот на Основниот суд Велес укажува дека ги имал предвид Начелниот став на Врховниот суд на Република Северна Македонија 03 СУ.бр.335/21 од 28.04.2021 година и неговото дополнување од 24.02.2022 година, но со анализа на истиот се утврдило дека наведениот проблем во конкретниот предмет не е разрешен со наведените ситуации и заземените начелни ставови.

Поради наведеното, а бидејќи се работело за прашање од општо значење за работата на судот и фактот што конкретната правна ситуација не била уредена со процесниот закон од граѓанска област, ниту со Судскиот деловник, ВД претседателот ја поднел иницијативата до ВСРСМ за истиот во рамки на неговите законски надлежности согласно член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите, да утврди начелен став или правно мислење за начинот на постапување по конкретниот предмет.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во конкретниот случај, видно и од содржината на иницијативата - известувањето од ВД претседателот на Основниот суд Велес, не станува збор за правно прашање кое е од значење за обезбедување на единство во примената на законите, ниту пак е приложена различна судска пракса во таа смисла, туку се бара од Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став или мислење во функција на решавање на поединечен проблем со кој се соочил Основниот суд Велес при работењето, а кое е согласно Законот за судовите и Судскиот деловник е во рамки на овластувањата на претседателот на судот.

Во смисла на погореизложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оцени дека во конкретниот случај не се исполнети законските услови од членот 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, па донесе Заклучок со кој иницијативата за утврдување на начелен став или начелно правно мислење поднесена од ВД Претседателот на Основниот суд Велес, заведена под Су03.бр.754/24 од 15.11.2024 година, не се усвојува.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА**
**ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**